Auswärtiges Amt

Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-87/2
19.10. 2021 год.
СКОПЈЕ

Институт за човекови права

**Спецификација за ангажирање на експерти –**
Креирање на два едукативни курсеви за дискриминација, врсничко насилство и говор на омраза

## 1. ВОВЕД

### 1.1. Позадина на задачата

„Заштита од дискриминација, врсничко насилство и говор на омраза" е проект чија што цел е да ја потенцира важноста во однос на спречување и заштита од дискриминација (со посебен фокус на следниве основи: сексуална ориентација, родов идентитет, социјална и родова нееднаквост), говор на омраза и „врсничко насилство " – „булинг" меѓу средношколците.

**Специфични цели на проектот се:**

*Специфична цел 1*: да се подигне свеста меѓу учениците и професорите за дискриминацијата (со посебен фокус на сексуалната ориентација, родовиот идентитет, социјалната и родова нееднаквост), говорот на омраза и врсничко насилство от како и истите да се сузбијат преку инклузивен процес меѓу учениците;

*Специфична цел 2*: да се зголеми знаењето на професорите, педагозите и учениците со цел спречување и заштита од дискриминација, врсничко насилство и говор на омраза како и да се потенцира значењето за почитување на човековите права и промовирање на толерантност и прифатливост и

*Специфична цел 3*: да се поддржат државните институции во креирање на одржливи мерки за адресирање на дискриминацијата, врсничко насилство от и говорот на омраза со цел придонесување кон потолерантен и инклузивен образовен процес во средните училишта.

## 2. РАМКА НА ЗАДАЧАТА

### 2.1. Цел на мисијата/задачата

Генералната цел на задачата е да се креираат два едукативни курсеви за препознавање и заштита од дискриминација, врсничко насилство и говор на омраза наменети за ученици и наставници. Експертите се должни при креирање на курсевите да бидат во постојан контакт и консултација со проектниот тим на ИЧП. Курсевите ќе бидат наменети за наставници/педагози и ученици во средни училишта, но и генерално до пошироката јавност особено до млади лица кои ќе покажат интерес за овие курсеви.

Конкретната цел на задачата е да се ангажираат четворица експерти кои имаат искуство во креирање обуки за препознавање и заштита од дискриминација, врсничко насилство и говор на омраза. Услугата треба да биде завршена заклучно со 24.12.2021 година, во постојана комуникација со проектниот тим на ИЧП.

### 2.2. Очекувани резултати

Од ангажираните експерти се очекува да ги испорачаат следниве резултати:

- Креирање на материјали со лекции поврзани со секое поглавје на курсевите;

  Курсевите ќе бидат поделени на поглавја:

  - Дефиниции и правна рамка поврзани со дискриминација, врсничко насилство и говор на омраза
  - Како да се препознаат дискриминација, врсничко насилство и говор на омраза; практични примери и илустрации;
  - Правна заштита: каде и како може да се пријави дискриминација, врсничко насилство и говор на омраза.
- Изготвување на прашања за секое поглавје на курсевите (со понудени одговори) и
- Снимање на едукативни видеа со содржината на материјалите на курсевите.

### 2.3 Временска рамка за реализирање на задачата

Задачата треба да биде реализирана во периодот од 01.11.2021 до 24.12.2021 година.

## 3. ОРГАНИЗАЦИЈА

### 3.1. Специфични квалификации

За реализација на оваа проектна задача ќе се ангажираат четири лица кои имаат соодветно искуство во областа. Потребно е лицата да имаат претходно искуство во креирање на обуки за препознавање и заштита од дискриминација, врсничко насилство и говор на омраза.

Крајниот рок за извршување на оваа задача е **24 декември 2021 година.**

### 3.2. Логистика

За спроведување на активностите од страна на проектниот тим на ИЧП:
-ИЧП проектен координатор – достапен во текот на целата мисија

Плаќање: Плаќањето ќе биде извршено по изработка на едукативните курсеви за дискриминација, врсничко насилство и говор на омраза.

**Маргарита Цаца Николовска**

**Претседателка на**
**Институт за човекови права**